Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ,
ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16 Македонска бригада“ бр. 1, 1000 Скопје
деканат: 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 160 став (3) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија, бр. 82/18), а во врска со член 6 и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), и член 22 став (1) алинеја 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19), одлуката на деканот за распишување на јавен оглас број 04-136/1 од 12.4.2021 година и Известувањето од Министерството за финансии бр.18-2902/2 од 31.3.2021 година за добиена согласност за вработување, Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за засновање на работен однос на 3 (три) лица**

Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг Ханс Ем" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има потреба за вработување на 3 (три) лица за следните работни места:

**1. ОБН 0102АО2001 - СЕКРЕТАР - еден (1) извршител**

Кандидатите за ова работно место потребно е да ги исполнат следниве посебни услови:
- ниво на квалификациите VI A според македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, научно поле: правни науки;
- Работно искуство најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.
- познавање на странски јазик [најмалку еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)], што се докажува со уверение или сертификат;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, што се докажува со потврда или сертификат;
- положен испит за административно управување.

Основната нето плата изнесува 27.171, 00 денари. Платата може да биде променлива.

За ова работно место е предвидено да со избраниот кандидат се склучи договор за вработување на определено време. Вработувањето е во траење до 31.12.2021 година.

НАПОМЕНА: Согласно годишниот план на институцијата за 2021 година, вработувања се предвидени за: Македонец(ка) 1.

**2. ОБН0102ГО1010 - САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ АРХИВАР - еден (1) извршител**

Кандидатите за оваа работно место потребно е да ги исполнат следниве посебни услови:
- стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, или најмалку више или средно образование, вишо или средно гимназиско образование или средно стручно образование-економска или правна струка;

- најмалку три години работно искуство во струката;
- активно познавање на странски јазик [најмалку еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)];
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Основната нето плата изнесува 16.094, 00 денари. Платата може да биде променлива.

За ова работно место е предвидено да со избраниот кандидат се склучи договор за вработување на определено време. Вработувањето е во траење до 31.12.2021 година.

НАПОМЕНА: Согласно годишниот план на институцијата за 2021 година, вработувања се предвидени за: Македонец(ка) 1.

### 3. ОБН0401А01002 - ХИГИЕНИЧАР - еден (1) извршител

Кандидатите за оваа работно место потребно е да ги исполнат следниве посебни услови:
- Ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, најмалку основно или средно образование;
- со или без работно искуство.

Основната нето плата изнесува 14.958, 00 денари. Платата може да биде променлива.

За ова работно место е предвидено да со избраниот кандидат се склучи договор за вработување на неопределено време.

НАПОМЕНА: Согласно годишниот план на институцијата за 2021 година, вработувања се предвидени за: Албанец(ка) 1.

Кандидатите покрај горенаведените посебни услови, треба да ги исполнуваат и следните општи услови:
- да се државјани на Република Северна Македонија;
- активно да го користат македонскиот јазик;
- да се полнолетни;
- да имаат општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Пријавата за вработување, освен назначување на работното место за кое се конкурира, треба да содржи и:
- податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница), како и кратко мотивациско писмо;
- кратка биографија;
- изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
- изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно.

Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена кај нотар и тоа:

1. Доказ за државјанство на Република Северна Македонија;
2. Доказ за општа здравствена способност - Лекарско уверение;
3. Доказ дека со правосилна судска пресуда не им е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
4. Уверение/диплома за завршен степен/ниво на образование согласно условите во огласот;
5. Доказ за работно искуство;
6. Доказ за познавање на странски јазик согласно условите во огласот;
7. Доказ за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
8. Потврда за положен испит за административно управување (само за раководната позиција под реден број 1).

Распоред на работно време: работни часови во неделата: 40, работно време од 08:00 до 16:00, работни денови: од понеделник до петок.

Со избраните кандидати за работните места под реден број 1 и 2 ќе се склучи договор за вработување на определено време. Вработувањето е во траење до 31.12.2021 година.
Со избраниот кандидат за работното место под реден број 3 ќе се склучи договор за вработување на неопределно време.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 4 работни дена, сметано од денот на објавувањето во јавните гласила.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Доколку на јавниот оглас се пријават до 200 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.

Пријавите со потребните документи треба да се доставаат во затворен плик, по пошта на адреса: УКИМ-Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" Скопје, на ул. „16-та Македонска Бригада“ бр.1, 1000 Скопје или лично во Архивата на факултетот (со назнака „За огласот за вработување во факултетот, за работно место под реден број ..“).

Доколку еден кандидат сака да аплицира на повеќе работни места, потребно е за секое работно место да достави примерок од документите.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат. Постапката за селекција на кандидатите ќе се спроведува во две фази: проверка на пријавата и доказите за исполнување на посебните и општите услови, и спроведување на интервју со пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите од огласот.

Краен рок за пријавување: 16. 4. 2021 година (петок).

Лице и телефон за контакт: проф. д-р Кирил Сотировски (декан), 070/344-017.

**Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем"**